Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2019 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, бул.Илинден бр.2, 1000 Скопје, до 14.9.2018 година. Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 19-09-2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 43 | 8769 | 1 | |

**Општи податоци за здружението / фондацијата**

Име на здружението/фонацијата:Здружение на граѓани за заштита на животната средина ЕКОЗВОН, Скопје

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар): 7248245

Седиште и адреса (улица, број, општина):Карл Либкнехт 64, Скопје,Гази Баба

Застапник:м-р. Слаѓана Стаменкова

Веб страница:/

Електронска пошта (e-mail):ekozvonce@yahoo.com

Телефонски број за контакт:070268889

Лице за контакт:м-р. Слаѓана Стаменкова

**Предлог- иницијатива**
**за годишна Програма за работа на Владата на Република Македонија**
**за 2019 година**

**Наслов на иницијативата: Воведување на предмет Екологија во основно образование**

**Стратешки приоритет:** (придонес - поврзаност со определен стратешки приоритет на Владата на Република Македонија)Развој на економијата , зголемувањето на продуктивноста вработување и подигање на животниот стандард на граѓаните.

**Приоритетна цел:** (придонес - поврзаност со определена стратешка цел на Владата на Република Македонија)зголемувањето на јавната свест и едукација на населението од областа на животната средина и реализација на кампањата од областа на заштита на животната средина.

- **НППА** (поврзаност со пристапни партнерства како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје)
- **Основно деветгодишно образование**

  -<u>Наставен план за деветгодишно основно образование 2018/2019</u>

  **Наставни програми**
- Основно образование
  - Стратегија за образованието 2018-2025
  - Програма за работа на Министерството за образование и наука за 2018 година
  - Стратешки план на МОН 2018 -2020 .
  - Извештај за остварени резултати на МОН во 2017 година
  - Стратешкиот план на Министерството за образование и наука 2017-2019 .

**Образложение:** (Краток опис на иницијативата: причини за предлагање, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт и надлежен орган на државната управа)

**Предлог за воведување на посебен предмет Екологија во основното образование со 1 час неделно или 36 часа годишно што претставува чекор за реформа во наставни програми во основното образование. при што учениците од рана возраст да стекнуваат одговорни навики кон животната средина. Исто така, сметаме дека со поефективна еколошка едукација младите би станале посвесни за случувањата во блиската околината.**

**Методи на учење:** Усно, Power Point презентација Предавања ,Презентации ,Индивидуални задачи (домашни работи, самостојни презентации и сл.) Самостојно истражување (интернет, библиографија, библиотека, медиуми и сл.

**Форми на наставните активности:**

- Предавања - теоретска настава: 1 час, во кои часови ќе влегува и практичната работа.

**Други форми на активности**

- Проектни задачи
- Самостојни задачи
- Домашно учење

**Очекувани влијанија:** (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата)

Основна цел со воведување на овој предмет е да се навлезе во сферата на заштитата на животната средина преку стекнатите теоретски знаења од екологијата и заштитата на животната средина и да можат на адекватен начин своите стекнати знаења да ги применат во секојдневниот живот и да ги пренесат на родителите, и сите заинтересирани за заштита на животната средина. При запознавањето на основните еколошки поими треба да се има во предвид дека тие се предаваат во скромни и елементарни размери и имаат стимулативен карактер за непосредно доближување на знаењата до воспитаниците. Животната средина треба да се смета како дел од човечкото живеење, треба да се научат правилно да се употребуваат еколошките поими и да се негува правилен однос кон благодетите што ни ги пружа животната средина.

**Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?)

Не предизвикува финансиски импликации бидејќи предметот е дел од плановите во основнотомобразование.

**Прилози** (со наведување на авторот на документот):

**Во овој момент нема прилози за дадената иницијатива но во колку наиде на позитивен став тогаш со компетенциите што ги имаме во нашето здружение ќе помогнеме за изработка на плановите и програмите за основно образование со посебен осврт да не се зголемува број на часови.**

13.09.2018 година

М.П.

Потпис на застапникот

СЖС – Слоѓана Стаменкова